## Конференција за религиски и меѓуцивилизациски дијалог

Четвртата по ред светска конференција за религиски и меѓуцивилизациски дијалог ќе се одржи од 3 до 5 ноември во Битола, во рамки на глобалната агенда на Обединетите нации и УНЕСКО за дијалог меѓу цивилизациите и декадата на УНЕСКО за помирување на културите. Ќе учествуваат повеќе од 150 претставници од сите светски религии, невладини организации, професори и експерти од целиот свет.

Ова вчера на прес-конференција, го истакна министерката за култура Елизабета Канческа-Милевска, која рече дека централна тема на конференцијата годинава е "Миграцијата и предизвикот на интеграцијата преку дијалог помеѓу религиите и културите".

## Модел за зајакнување на ефикасното учење

Во Институтот за бизнис-економија, денес ќе се одржи настан на тема "Презентирање на интегрираниот модел за зајакнување на иновативноста и ефикасното учење кај високообразовните институции".

Настанот е дел од европскиот проект за иновативно стратешко партнерство за европско високо образование, финансиран од Европската комисија, од програмата Еразмус плус, каде што Македонија за прв пат има можност да учествува како координатор на овој вид европски проекти.

СРЕДБА ЈОЛЕВСКИ - ХОЏИС

## Признанија за тројца питомци



*Генерал-потполковник Бен Хоџис во посета на Воената академија во Скопје*

Македонија и САД продолжуваат да го развиваат стратегиското партнерство, кое е особено изразено во областа на одбраната, заклучија министерот за одбрана Зоран Јолевски и командантот на Командата на копнените сили на САД за Европа, генерал-потполковник Бен Хоџис на вчерашната средба во Министерството за одбрана.

На средбата министерот Јолевски ги посочи одличните односи со вооружените сили на САД, особено со Командата на копнените сили на САД за Европа, која се манифестира преку заеднички вежбовни активности и обуки. Тој го истакна учеството на околу 150 припадници на Армијата на Македонија на една од најголемите вежби оваа година "Анаконда 16".

Генералот Хоџис посочи дека е исклучително задоволен од нивото на соработка, но и од нивото на прикажани вештини и знаења кај секој припадник на АРМ. Тој додаде дека од заедничките активности бенефит имаат и Македонија и САД и затоа во иднина ќе се работи на уште поголемо интензивирање на соработката во оваа област.

Генералот Бен Хоџис, кој престојува во дводневна посета на Армијата на Република Македонија, вчера оствари средба и со началникот на Генералштабот на АРМ, генерал-потполковник Методија Величковски, а го посети и баталјонот на Воената полиција, а за време на посетата на Воената академија на најдобрите тројца питомци им врачи и признанија.

## МИНИСТЕРСТВОТО ЗА КУЛТУРА ЗАБРАНИ ЗАМП ДА ЗАБРАНУВА МУЗИКА

Министерството за култура од вчера му забрани на ЗАМП да забранува емитување музика. Министерството ја донесе ваквата одлука откако изминатиот месец и пол ЗАМП изрече серија забрани за пуштање македонска, српска, црногорска, словенечка и хрватска музика во Македонија. Преку соопштение, Министерството образложи дека оценило оти забраните што ги става ЗАМП не се во согласност со одредбите од Законот за авторското право и сродните права.

Од ЗАМП вчера не сакаа да ја коментираат одлуката на Министерството за култура.

"Ќе се изјасниме со официјално соопштение откако ќе го одржиме состанокот на Управниот одбор на ЗАМП", рекоа вчера кратко од ЗАМП, без да објаснат што значи одлуката на Министерството за култура.

Од Министерството за култура соопштуваат дека во согласност со својата законска надлежност утврдена со Законот за авторското право и сродните права, по направениот надзор на одлуката на собранието на ЗАМП бр. 493-1-0201 од 19 септември годинава, донеле решение за запирање од извршување на одлуката на собранието на ЗАМП со која се забранува емитување авторски музички дела преку радиодифузно емитување.

"Од надзорот на Министерството за култура над одлуката на собранието на ЗАМП се констатираше дека одлуката не е во согласност со одредбите од Законот за авторското право и сродните права", стои во соопштението од Министерството за култура.

Од Министерството за култура објаснуваат дека правото да го запрат извршувањето на забраната на ЗАМП произлегува од член 157, став 1 од Законот.

"Во согласност со овој член, ако во спроведување на надзорот над актите на организацијата за колективно управување Министерството за култура оцени дека општ или поединечен акт не е во согласност со Законот, Статутот, односно договорот за основање, со решение ќе го запре од извршување и ќе поведе постапка пред надлежниот суд за оцена на законитоста на актот", велат од Министерството за култура.

Од Министерството вчера уште еднаш потсетија дека авторите на музички дела имаат право преку соодветната организација за колективно управување или индивидуално да забранат користење на нивните дела, но на